24-04-2018

02-288/25

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-797
10.04.2018
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерството за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Психологија на Филозофски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Психологија на Филозофски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 09-173/9 од 21.03.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-797 од 23.03.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Психологија на Филозофски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација бр. [illegible] од 08.03.2018 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-797 од 29.03.2018 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус студија наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 02.04.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-797 од 03.04.2018 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Психологија на Филозофски факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
проф. д-р Рената Дескоска

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 03-1136/5
30.6.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на Република Северна Македонија бр. 101/19), а во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted] од Скопје заверено со наш арх. бр. 03-1136/4 од 14.6.2021 год., донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е

I

Се прифаќа барањето на барателот [redacted] од Скопје со адреса на ул. "[redacted]" бр.[redacted], 1000 Скопје, барател на Информација од имателот на пристап до информации од јавен карактер.

Имателот на Информација Филозофски факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје со седиште на бул. Гоце Делчев бр. 9А, 1000 Скопје за барањето ги дава следните податоците со кои располага:

1. Фотокопија од решение за акредитација на студиската програма Психологија прв циклус студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје добиено од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование со бр. 1409-263/9 од 06.03.2018 год. и Фотокопија од Решение за почеток за работа на студиската програма од прв циклус четиригошини студии по Психологија на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје издадено од Министерството за образование и наука со УП1 Бр. 14-797 од 10.04.2019 год.
2. Центарот за изработка и примена на тестови „Психометрика“ на Факултетот е основан и започнал да работи во 2005 година, но во 2013 година актот за неговото основање е преземен од страна на Државниот архив на Република Северна Македонија.
3. Во однос на барањето поврзано со психолошките тестови што се користат за потребите на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев (АСЈО), мораме да укажеме на тоа дека нивните карактеристики не се јавно достапни. Се работи за меѓународно верификувани тестови чија примена е заштитена со меѓународно усвоени конвенции за етика во користењето на психолошките тестови со кои се инсистира на тајност на тестовниот материјал, односно на негова недостапност вон непосредната тестовна ситуација во која се користи. По правило, содржината на психолошките тестови и критериумите за нивно оценување не се достапни на непсихолози, а психолошките тестови што се користат во АСЈО за селективни цели не се достапни ниту за психолозите што не се задолжени за нивно задавање. Тајноста на тестовите е неопходна поради заштита од пробивање на нивната содржина, односно оневозможување да се доведе во прашање ефективноста на нивното користење во иднина.

II

Согласно со побараното во доставеното Барањето за пристап до информации од јавен карактер заверено со наш арх. бр. 03-1136/4 од 14.6.2021 год., информацијата ќе се достави во бараната форма, односно се доставува електронски запис и истиот на барателот ќе му биде доставен согласно со побараниот начин на доставување, односно по пошта и на e-mail.

Составен дел од ова решение е електронскиот запис на бараните информации од јавен карактер.

III

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

09 -03- 2018

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 63/09, 99/09.115/10, 17/11.51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 5 седница одржана на 01.03 2018 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

за акредитација на студиската програма Психологија прв циклус студии на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје

1. Се акредитира студиската програма Психологија прв циклус студии на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 4 години (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање:
- Дипломиран психолог
Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки
Научно – истражувачко поле: Психологија
Научно – истражувачко област: Области од наведеното поле.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет (I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на доставеното Барање за пристап до информации од јавен карактер заверено со наш арх. бр. 03-1136/4 од 14.6.2021 год., поднесено од барателот Дарко Трајкоски од Скопје со адреса на ул. „Варшавска“ бр.19А/1-45, 1000 Скопје, согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во законскиот предвиден рок спроведе постапка и веднаш се овозможи бараниот пристап на бараните информации во бараната форма и начин од страна на барателот, по што се донесе решение како во диспозитивот на актот.

ПРАВНА ПОУКА: Барателот има право на жалба во рок од 15 дена од приемот на решението. Жалбата се поднесува до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

По еден примерок од Решението да се достави до барателот на информацијата, одговорното лице на Факултетот и архивата.

Овластено лице за слободен пристап до информации од јавен карактер
на Филозофскиот факултет

Василка Наумоска

Филозофски факултет Скопје
ДЕКАН

Проф. д-р Ратко Дуев

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно-научниот совет на Филозофски факултет, прв циклус студиските програми „Психологија", на 26.09.2017 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 2 седница, одржана на 19.10.2017 година формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија на својата 5 седница одржана на 01.03.2018 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филозофски факултет
Скопје

| Примено | 14-06-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1136/4 | | |

**До: Филозофски факултет Скопје**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted] ул.[redacted] тел.бр.[redacted],
[redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер

- Во врска со одговор Ваш бр.03-1136/2 од 26.05.2021 година барам да ми доставите фотокопија од Решение за акредитација од Факултетот/институтот за психологија, со сите измени и дополнувања.
- Барам да ми доставите документ\акт за формирање и акт со кој е определена дејноста на Центарот "Психометрика", со сите измени и дополнувања.
- Барам да ми доставите **интерен акт, со сите измени и дополнувања** со кој се определени видот, поблиската содржина, бројот на зададените задачи,времетраењето на полагањето на секој од одделните тестови и критериумите за оценување, на кој сте обврзани согласно чл.18 ст.4 од Правилникот за спроведување на приемен испит на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- в) фотокопија

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- г) е-маил

**Во Скопје, 08.06.2021година**

**Потпис**
[redacted]